НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ПРВ КВАРТАЛ, 2024 ГОДИНА

април 2024 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1;2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-заострување на кредитните услови, за разлика од непроменетите услови во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на корпоративните кредити, за разлика од непроменетата побарувачка во претходната анкета.
- Очекувања за вториот квартал од 2024 година: нето-заострување на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: непроменети услови за одобрување кредити на домаќинствата, за разлика од нето-заострувањето во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на домаќинствата, но поумерено во споредба со претходната анкета.
- Очекувања за вториот квартал од 2024 година: нето-олеснување на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката на кредитите од страна на домаќинствата.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, речиси идентично со претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: непроменета побарувачка на корпоративните кредити, исто како во претходната анкета.
- Очекувања за вториот квартал од 2024 година: изразено нето-олеснување на условите за одобрување и непроменета побарувачка на корпоративните кредити.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: непроменети услови за одобрување кредити на домаќинствата, за разлика од нето-олеснувањето во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, малку посилно од претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал од 2024 година: непроменетост на условите за одобрување кредити на домаќинствата, при засилено нето-зголемување на побарувачката.

# *Мали банки*

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети услови за одобрување корпоративни кредити, во споредба со нето-заострувањето во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на корпоративните кредити, малку поизразено во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал од 2024 година: нето-олеснување на кредитните услови, при изразено нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-заострување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, поумерено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, но послабо во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал од 2024 година: натамошно нето-заострување на кредитните услови, при умерено нето-зголемување на кредитната побарувачка од страна на домаќинствата.